ИЗЛОЖБА

# НАДВОР ОД СРЕДИШТЕТО

**Група „Зеро", Келн, 5 мај – 17 јуни**

Разгорената љубопитност за уметничката пракса на Источна Европа веќе неколку години ја обележува меѓународната ликовна сцена. Специфичната состојба во југословенската уметност која, ослободена од прангите на социјалистичкиот реализам, минуваше и се развиваше низ сите уметнички правци и трендови, ги прави нашите уметници помалку провокативни од политичко-идеолошки аспект за западноевропската публика.

Сепак, подобрите познавачи ги согледаа сите проблеми на уметниците кои својата постмодернистичка ориентација ѝ ја спротивставија на веќе бирократизираната модерна, заштитена во белите и чисти музејски простори. Како одговор на поистоветената со главната општествено-политичка струја модерна, во почетокот на осумдесеттите се појави една тенденција кон рушење на воспоставените конвенции и навраќање на сликата низ еден сложен однос кон ликовната традиција, сосема запоставена од модерната уметност.

Од овој аспект е посебно интересна изложбата што во моментов е поместена во изложбениот простор на Источноевропскиот културен центар во Келн. Овој институт, како што на отварањето нагласи Др. Томас Штраус, историчар по уметност и директор на Центарот, својата активност не ја базира врз контакти со бирократизираните културни институции, туку директно контактира со самите уметници. Од една таква соработка произлезе и изложбата на која е презентирано творештвото на група млади уметници од Скопје.

Сите претставени автори: Ибрахим Беди, Миодраг Десовски, Перица Георгиев, Татјана Миљовска, Александар Станковски, Игор Тошевски и Златко Трајковски се членови на групата „Зеро", која веќе пет години активно работи на истражување во различните визуелни медиуми: сликарството, колажот, скулптурата, муралот, амбиентот, инсталацијата, перформансот, хепенингот и слично. На оваа изложба, проследена со каталог во боја отпечатен од организаторот, изложени се над триесет експонати поставени на двата ката на Центарот: слики, колажи, слики-објекти и скулптури, а на самото отварање беа проектирани двата заеднички видео-арт проекти: „Блискост" и „Песна на љубовта" на авторите Александар Станковски и Златко Трајковски.

Низ повеќето експонати се чувствуваше заедничкото искуство, но сепак превладаа индивидуалните концепции во градењето на сликата. Така, на пример, Александар Станковски се претставува со оригинални слики-објекти кои се создадени со развлекување на парчиња од облека и ткаенина врз рамката. Со тоа е одбегната подлогата, а рамката (маргината) станува рамноправен елемент на сликата.

Делата на Перица Георгиевски се ослободени од подреденоста на еден принцип со помош на ситните решеткасти структури кои, распрснати насекаде, го разоткриваат внатрешниот поредок на сликата. Скулптурите на Беди Ибрахим, настанати од вернакуларни елементи: гранки, јажиња, дрво, крзно, потсетуваат на ритуалниот концепт на хепенинзите на групата „Зеро". Во колажите на Игор Тошевски и Златко Трајковски е користена монтажата, со која постапка, при судирањето на различните елементи (религиозни, политички, еротски) се добиваат дела ослободени од тероризмот на средишната порака. Миодраг Десовски изложи неколку апстрактни слики со одлично изведена фактура, а колажите на Татјана Миљовска инвентивно ја искористуваат дизајнираната хартија во градењето на текстурата на нејзините децентрализирани композиции.

**Сузана Милевска**